**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четврттото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 10,07 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Андреј Жерновски, Али Ахмети, Зумрете Јакупи, Даут Реџепи, Благој Зашов, Арбен Џафери, Мендух Тачи , Љубчо Георгиевски, Оливер Шанбевски, Есад Рахиќ, Илинка Митрева, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 75 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Госпоѓа Топузова- Каровска се јавува за збор процедурално.

(Пратеникот Агрон Буџаку исто така бара збор, процедурално)

Притиснете го копчето, ве молам.

Повелете госпоѓо Топузова-Каревска.

**Роза Топузова - Каревска:** Благодарам претседателе.

Во текот на вчерашниот ден добивме амандмани што ни беа доставени од Владата, каде што значително се намалува бројот потребен како работно искуство, да не ги цитирам сега сите членови.

Врз основа на тоа и врз основа на членот 170 од Деловникот побаравме работните тела да заседаваат и да одлучуваат, впрочем така се договоривме и на самата Комисија за политички систе, кога ќе има некои суштински измени.

За Либерално демократската партија, скратување на роковите од 12 на 6 години е суштинска измена, впрочем и за сите, да не ги набројувам и другите како што реков, па според тоа сметам дека, а и вие ветивте, дека денеска во 9,00 часот имаме време да се состане Комисијата. Со оглед дека Комисијата за политички систем до овој момент не расправала по амандманите, јас би ве замолила да претседателот на Комисијата го свика работното тело. Значи, се повикувам на членот 170 од Деловникот за работа на Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Колку што помнам јас, рековме дека имате време од 9,00 часот да се состанете, но вие не сте се состанале. Ако инсистирате...

**Роза Топузова -Каревска:** Се извинувам што ви упаѓам во зборот, меѓутоа претседателот на Комисијата е тој кој ја свикува Комисијата. Не зависи од мојата волја.

**Љубиша Георгиевски:** Не, не. Колку што ве разбирам, добро вие барате пауза за да се свика седница на Комисијата.

**Роза Топузова -Каревска:** Да, да, барам Комисијата да расправа по амандманите што ги добивме од Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Го молам тогаш претседателот на Комисијата да ја свика Комисијата, Комисијата да ги разгледа...

(Претседателот на Комисијата бара збор).

**Зоран Петрески:** Почитувани дами и господа, членот 170 од Деловникотзборува за тоа дека комисиите се состануваат во услови кога предложените амандмани предизвикуваат битни измени во текстот на Предлог-законот, односно се менуваат утврдените начела врз кои се заснова законот. Во случајов, се менуваат бројки односно за намалување на годините за избор на одредена функција. Станува збор за критериуми што воопшто не ги менуваат начелата на законот.

Од тие причини како претседател на Комисијата за политички систем сметам дека нема потреба да заседава Комисијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам штом е така.

Има збор пратеникот Топузова-Каревска, реплика.

**Роза Топузова - Каревска:** Се извинувам не сакам да остане недокажано пред македонската јавност. Не се работи за бројки. Се работи за суштествени измени, за намалување на потребното работно искуство од 12 на 6 години.

Партијата од која што е и претседателот во голема мерка се залага за стручност и компетентност. Токму во таа насока ги имавме и решенијата што ни беа понудени од Владата. И тогаш велевте дека стручноста и компетентноста а и во Програмата што ја имате, дека е пресудна за тоа кој на кое работно место односно раководно место ќе се најде.

Намалувањето од 12 на 6 години има поголеми импликации. Сега не би сакала да го отворам тоа прашање. Има и политичко значење во одредени моменти. Затоа не би рекла дека се работи само за одредени бројки. Сметам дека е чесно, врз основа на она што го донесовме како заклучок на Комисијата за политички систем да расправа ова тело. И, не гледам ништо страшно ако ова тело се состане и расправа по едно вака суштествено прашање. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлагам 15 минути пауза да се договориме околу ова прашање, зошто многу повеќе ќе изгубиме ако вака разговараме.

(Пратеникот Буџаку бара збор процедурално)

Господине Буџаку барате збор пред паузата?

Повелете процедурално, па после ќе направиме пауза, да се договориме, да не губиме сега време на пленарна седница.

Повелете господине Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Почитувани колеги, пратеници, почитуван господине Георгиевски,

Мислам дека неколку пати се нагласи во текот на нашите расправи, овде се воведува пракса на еден хаос во функционирањето на овој Парламент. До колку еден наш аргумент и наша реакција се карактеризираат како нецивилизаторска или земањето на вашата картичка и други работи, јас не мислам дека граѓаните на Република Македонија имаат анамнеза, слабо памтење, значи амнезија, да не се сетат кој го направил тоа. Кога некој од ВМРО-ДПМНЕ или од мнозинството навредува, нека го има во предвид тој факт.

(Реакции од пратениците со дофрлања).

Ова е процедурално што го говорам, бидејќи се спори...

**Љубиша Георгиевски:** Тишина ве молам.

**Агрон Буџаку:** ... се спори и се навредува претседателот на ВМРО-ДПМНЕ. Дури има и еден виц "кој ќе ја земе картичката тој станува премиер". Тука стои проблемот.

До колку вие рековте, затоа реагиравме дкеа еднаш се расправа за амандманите за кои госпоѓа Роза Топузова-Каревска има забелешки, ние побаравме токму, а вие не се придржувате на договорот за расправа на текстот на законот во однос на амандманите. Рековте дека нема смисла да се расправа за текстот, бидејќи амандманите ќе го променат законот. Сега вие велите и претседателот на Комисијата дека не е од значење тоа.

Ако една парламентарна група смета начелно, не е речено ние да се согласиме со овој состав на Парламентот, но начелно се бара да се расправа, бидејќи, до колку вие сакате да ...

**Љубиша Георгиевски:** Ви помина времето господине Буџаку.

Давам пауза од 15 минути за да се договориме.

(По паузата)

Објавувам дека седницата ќе продолжи во 12,00 часот, што значи дека давам еден час пауза за да може Матичната комисија да одржи седница.

(По паузата седницата продолжи во 11,59 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Пратеникот Марјан Додовски бара збор процедурално.

**Марјан Додовски:** Почитуван претседателе, во името на пратеничката група на ВМРО-Народна партија барам еден час пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Половина час ве молам.

**Марјан Додовски:** Нам ни треба еден час пауза, а со Деловникот тоа ни следува, имаме некои обврски, а тоа е и во контекст на амандманите кои треба да се дискутираат.

**Љубиша Георгиевски:** Моја обврска е да дадам пауза до еден час, но ве молам, сега половина час пауза да дадеме.

(Реакции).

Добро пауза до 13,00 часот.

(Пауза од 12,00 до 13,00 часот).

Продолжуваме со седницата.

Има збор пратеникот Рафис Алити процедурално.

**Рафис Алити:** Ви благодарам за зборот.

Јас се јавувам за збор во име на парламентарната група на коалицијата ДУИ-ПДП, а исто така и во името на пратеникот господин Џеват Адеми, на чија адреса вчера беа кажани многу лаги, измислици и невистини, од страна на координаторот на ДПА господинот Матоши, наводно дека оваа коалиција, ДУИ и Џеват Адеми убивале и убиле над 200 лица во Тетово. За жал, мораме да кажеме дека не е добро да се кажат овие зборови од оваа говорница, затоа што тоа е под нивото на оваа говорница и треба да го сочуваме достоинството и нивото на пратеникот.

Ние бараме, за да не покренеме други постапки и процедури кон господинот, тој да се извини, да ги повлече заборовите и невистините што ги кажа вчера тука.

Исто така, како парламентарна група во координација со координаторите сме имале предлог, бидејќи ние како коалиција не поднесовме амандмани, не бевме во состојба да ги дадеме нашите начелни забелешки во однос на Предлог-законот, ние побаравме на пет пратеници од ДУИ и ПДП да им се дадат по 20 минути простор, време за да можат да ги кажат забелешките, нашите начелни забелешки пред да дојде до општа расправа по текстот на Предлогот на законот. Ова го велиме на овој начин, затоа што мислиме дека доколку мнозинството би имало трпение да ги ислуша начите начелни забелешки, нашите концептуални забелешки за законот, можеби ќе имаше некаква интервенција од страна на Владата. Токму тоа беше нашата цел тој ден кога го предложивме ова, а не да правиме опструкции на законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Што се однесува до вториот дел од вашата процедурална интервенција, се согласувам со барањето пет пратеници по 20 минути да зборуваат на почетокот на претрестот на материјалната расправа по законот.

Процедурално, има збор пратеникот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседателе.

Претседателе, ова што го правите извонредно не е во ред. Вие создавате хаос на оваа седница. Би сакал да бидете поагилни и навистина со

седницата треба да се претседава добро, а не кому како ќе му текне да расправа овде. Тоа не треба да го дозволите.

Во однос на тоа што го бара парламентарната група на ДУИ немам намера да побарам извинување, бидејќи за сите работи имам факти. Дека младиот е починат во текот на вашиот мандат, во време на владеењето во вашите четири години, за сето тоа имаме факти и сето тоа е регулирано со факти.

Непостапувањето на време на полицијата и криминализацијата на албанската младина беше начинот и вашето поведение во власта, која работа ја стимулирате во четирите години. За ова имам факти дека навистина се преплетени криминал. И вие убивте Албанци, сте убиле граѓани на Република Македонија. Вие велам од ДУИ...

(Реакција од место на пратеникот Рафис Алити).

Значи Демократската унија за интеграција.

(Повторно реакција од пратеникот Рафис Алити).

Кој ви ги дал калашите?

Затворете ја устата, не зборувајте многу.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, вие сте пратеникот кој имате збор.

**Ружди Матоши:** Барам еден час пауза и нашата група нема да биде веќе во овој Парламент.

**Љубиша Георгиевски:** 15 минути пауза.

(Пауза од 13,07 до 13,45 часот).

Продолжуваме со седницата.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 27-а по членот 27, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Давам збор на госпоѓата Весна Јаневска. Повелете.

**Весна Јаневска:** Одлуката за бројот, седиштето и називот на станиците од членот 27 ја донесува Владата на Република Македонија. Со одлука на Владата се утврдува и станичното подрачје на полициските станици за обезбедување на државната граница во длабочина на територија на Република Македонија, но не помала од 10 км. од граничната линија. Тоа е амандманот кој ние го предлагаме.

Во постојниот Закон за внатрешни работи сметаме дека не е регулирана организационата поставеност и структура на граничната полиција. Во истиот стои дека овие прашања, како и делокругот на работата на граничната полиција ќе се регулираат со законот. Бидејќи нема појаснување дека за тоа ќе имаме посебен закон, сметавме дека не би било на штета, односно би било корисно овде да се регулираат некои детали. Со донесување на закон за полиција потребно е да се регулираат и овие прашања, според наше мислење.

Практично решение би било Владата да донесе одлука за формирање на полициски станици за гранична контрола и полициски станици за обезбедување на државната граница, со кое нешто длабочината на станичното подрачје на полициската станица за обезбедување на државната граница да не биде помало од 10 км.

Согласно европските стандарди, ние како држава го прифативме принципот на интегрирано гранично управување, ја сменивме работата од линиско обезбедување на државната грнаица во комбинирано обезбедување, за што имаше консензус и сите се согласија дека е во ред, нормално, и согласно препораките на Европската унија. Но никаде не регулиравме до каде се надлежностите на граничната полиција во нејзиното делување и спроведувањето на прекуграничниот криминал и особено илегалната миграција. Донесувањето на вакво решение кое ние предлагаме да биде, не помало од 10 км., сметаме дека ќе овозможи практично и послободно делување во законски рамки да се легализира оперативната активност на персоналнот на полициската станица за граничното обезбедување.

Би сакала да ве потсетам на за мене навистина немили настани 2001 година и без да навлегувам во причините, оправдани и неоправдани на конфликтот, само велам дека во тој период имавме проблем во координираното делување на Армијата и полицијата. Се направи обид во тој проблем на координираното делување на вооружените сили на Македонија да се надмине со формирање на комбинирано обезбедување и сметам дека тоа е едно добро решение, но за да биде навистина добро прецизирано, за да во иднина немаме проблем во чии ингеренции е граничното обезбедување и во кој опсег може да делува оваа полициска служба, за да може да има инекакво длабочинско делување и дејствие на оваа полициска служба, ние се определивме за територија од 10 км. внатре од границата.

Бдејќи имам искуство од вчерашната седница, мислам дека истото се пренесува и денес, бидејќи имам впечаток дека не сосема конструктивно се работи во Собранието, простете, но денес повторнмо ќе повторам дека на информација од претседателот на Собранието, која гласи дека исклучително е значаен датумот за донесување на овој закон и дека е значајно донесувањето на овој закон во однос на имињата на Република Македонија, исто таква информација добивме и од некои претставници на Владата, но во конструктивен разговор добивме информација дека во следниот период од една гопдина ќе се направат сериозни напори овој закон да добие на квалитет, и не само на квалитет туку и да добие поширока политичка поддршка, значи во корист на конструктивно работење на Собранието на Република Македонија, го повлекувам амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Отворам претрес по аандманот на член 33 став 1, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**Гордана Јанкуловска:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

На самиот почеток истакнав дека во овој закон има многу места кои се недоречени. Пред тоа, не се водело сметка како за отчетноста, така и за човековите права. Токму во таа насока, во овој момент користам можност да се заблагодарам на министерката за внатрешни раоти што го прифати амандманот кој се однесува на отчетност на командирот на полициската станица во однос на локалната самоуправа, меѓутоа, што се однесува до полициските овластувања не само со овој амандман, туку и со други кои што следат сакам поконкретно да се дефинираат овластувањата кои треба да ги имаат, и одговорноста, доколку се прекршат овие овластувања.

Многу често на полициските службеници им е дадено овластување, меѓутоа, никаде не се дефинира што ќе се случи ако тоа овластувгање се прекрши или доколку не се постапи според она што е претставено во законот.

Со овој амандман интервенирам во членот 33, каде што полицискиот службеник во униформа при примена на полициските овластувања должен е да се легитимира и до тука се е во ред, и јас сметам дека е должен, меѓутоа, ако внимателно го читаме овој став, понатаму има “на барање на граѓанинот”. Сметам дека, прво, не само што со овој закон нема никаде одредба што ќе се случи доколку полицискиот службеник во униформа не се легитимира, туку уште се дава можност за негово поголемо самоволие односно се ускратуваат правата на граѓаните, со тоа што вели само на барање на граѓанинот. Значи, полицискиот службеник е должен да се легитимира без да биде тоа побарано од страна на грачаните. За да не дојде до кршење на човековите права, за да може да знае граѓанинот кој што е запрен на улица, граѓанинот кој што треба понатаму да се третира со овие членови кои следуваат, со кого разговарав, кој е полицискиот службеник, сметаме за потребно задолжително да се легитимира се со една единствена цел заради остварување на неговите прабвам правата на граѓанинот, да знае понатаму против кого може да се поднесе преставката, доколку навистина овој полициски службеник во униформа на постапил согласно со законот кој што треба да го донесеме. Сметам дека ова е од особено значење и очекував дека министерот за внатрешни работи ќе го прифати амандманот затоа што реков дека тоа е со цел во голема мера да се подобри текстот, да се избришат одредени недоречености и непрецизности, за да може понатаму во праксата да наидеме на вистинска имплементација на овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор побара пратеникот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Почитувани пратеници и претставник на Владата, првиот став од овој член 33 за кој госпоѓата Роца Ропузова Каревска поднесе амандман е сензитивен амандман, уредува сензитивни односи во законот. Покрај сите овластувања што ги има полицијата, интенцијата на законот е во исто време таа да може ефикасно да ги извршува своите овластувања, но во исто време да не ги загрозува интересите на граѓаните. Балансот меѓу тие две е именител на демократијата, затоа што полицијата може да биде ефикасна загрозувајќи ги базичните интереси и права на граѓаните, може почитувајќи ги премногу интересите на граѓаните да биде, во формална смисла, не во суштинска, неефикасна, а сето измеѓу е тоа што законот треба да го уреди за да биде во насока на тоа за што сите се залагаме, ефикасна полиција која ќе ги штити граѓанските права, човековите права и тн.

Членот 33 има четири-пет ставови, односно точно четири, во кои се уредува во кој случај полицијата не е должна да се легитимира и тука пишува по исклучок службеникот нема да се легитимира ако реалните околности за примена на полициските овластувања дека може да се загрози постигнувањето на нивната цел, што е природно дека не може да се легитимира ако треба да изврши некоја акција, ако акцијата ја извршува спротивно на овластувањата и законот екс-пост следи претпоставувам како и за сите луѓе кои имаат некакви овластувања од својот работен однос, некаква условно кажано казна.

Меѓутоа, не знам зошто би го исклучиле механизмот кога тоа ситуацијата не го налага од ставот 3, а тоа е ситуацијата во ставот 1, Владата прилично ладнокрвно ги одбива амандманите без никакво образложение. Пратеникот даде исцрпно образложение, Владата останува на своето. Тоа може да асоцира на две работи: или дека нема потреба од објаснување или дека нема прецизно објаснување зошто е тоа така. Во двата случаи мислам дека Владата греши, односно претставникот на Владата.

Јасно е дека парламентарното мнозинство никогаш нема да изгласа амандмани што Владата не ги прифаќа, меѓутоа, мислам дека Владата треба да го прифати овој амандман. Ќе наведам уште еден примеР што сега госпоѓата Јаневска зборуваше и ова немојте да го сфатите како дебатирање по претходниот амандман што е повлечен туку токму за ова, затоа што таа сега ако внимателно сите слушавме соопшти две за мене неприфатливи работи. Едната со која јас ен се согласувам како метод на работа, за што имам правом, а тоа е дека госпоѓата Јаневска сите

амандмани ги објаснува по 15 минути зошто се поднесени и колку се важни, за да на крајот каже во интерес на Република Македонија ги повлекувам.

Госпоѓо Јаневска, во интерес на Република Македонија ако вие сте убедени во исправноста на амандманите е да ги ставите на гласање, за да се изјасниме по нив. Интересот на Република Македонија е да добие добар закон, а не е интересот на Република Македонија да ни објаснувате колку е важно за граничната линија и на крајот да кажете го повлекувам амандманот. Тоа е според мене-немојте погрешно да ме сфатите, дебатираме како колеги со цел да дојдеме до вистината-не е во интерес на Република Македонија, ако вие сте уверени дека тоа е интересот, а го повлекувате амандманот.

Меѓутоа, она што најмногу ме загрижи е што соопшти, се надевам дека не го соопшти тоа паушално, дека претставниците на Владата соопштиле дека и така и така овој закон за една година ќе се преработува со цел да биде добар, подобрите решенија да се стават и тн. Прво имаме јасен сигнал од Европската унија. Нам ни треба нивен сигнал за Република Македонија, нам ни требаат реформи кои се ефикасни, а не кои се брзи и кои немаат никаква смисла, не се реализираат. Ако е така, тогаш ние самите си скокнуваме во оганот да и кажеме на Европската унија дека го донесуваме законот што вие го барате неквалитетен, а по една година ќе го смениме. Претпоставувам од моето, а и од сите исклуства што ги имаме заеднички во овој Парламент логичната реаклција на Европската унија ќе биде добро, тогаш по една година кога ќе го смените во согласност со нашите начела, ќе продолжиме да разговараме, односно губиме време. Навистина сум загрижен од таквата изјава на министерката, ако е тоа што госпоѓата Весна Јаневска го соопшти, вистина, дека и е пренесено ајде да го донесеме, па за една година и така ќе треба да го менуваме. Тогаш ајде да го повлечеме, па за три месеци да го донесеме. Зошто ни е една година да работиме, ако знаеме однапред каде се слабостите на овој закон. Тогаш дајте да го повлечеме и за три месеци да го донесеме. И така потпретседателот на Владата за европски прашања и премиерот сами кажаа дека не го бркаат датумот што беше ветен до крајот на годината, меѓу што е и законот за полицијата уште еден услов кој преостанал. Ако го бркаме рокот во 2007 година, тогаш повлечете го, до декември или јануари ќе го донесеме без уште една да го пречитуваме за една година.

Во тој контекст и членот 33, од медиумите, толку колку што може на нив да им се верува, од нашата комуникација со гласачите, со граѓаните кои овде ги претставуваме, историски гледано ние имаме икс случаи во кои барањето на граѓанинот да се легитимира полицаецот согласно член 33 став 1 како што е тука, претпоставувам дека и во постојните решенија е слична формулацијата, сега не знам на памет како е решението во постојниот закон, од прилика мислам дека е слична-резултира со нервоза кај полицијата. Резултира со нервоза полицаец кој извршувајќи ја должноста е повикан од граѓанинот да се легитимира, во наши услови создава дополнителна тензија кај полицаецот и го доведува граѓанинот во уште потешка позиција.

Затоа, можеби не е лошо полицаецот да има службена должност, со исклучок во ставот 3 кој го почитувам, зашто без став 3 тогаш нема смисла, сега да не читам, знаеме што е ставот 3, кога реалните околности бараат тој да не може да се легитимира, односно треба да изврши некој акт, заштита на живот, имот, акција и не знам што се во полицијата со тоа се дефинира, тоа го поддржувам. Меутоа, ако за тоа нема значење, зошто да не создадеме услови полицаецот да дојде и културно да каже господине Поповски, јас сум тој и тој, еве ја мојата легитимација, за тоа и тоа ве запрев или дојдов кај вас дома, дека униформата сама по себе не значи ништо. Овој закон на ваков начин уредува дека само текстилот, униформата и тој што го легитимира полицаецот доколку сами не побараме.

Со оглед на околностите во кои живееме, со оглед на сите овие... Господине претседателе, на пример од конфликтот во 2001 година јас како министер во Владата учествував во некои од дебатите во кои на сите ни е јасно дека масовно униформите не се вратени, па дури знаете дека имаше и бунт на регуларни полициски сили: не враќаме оружје, не ја враќаме униформата, не сакаме да се разоружаме, па заземање на позиции. Тие униформи не се доволни во тие наши околности, што значи дека јас мислам, иако министерката прилично лаконски тоа го отфрли дека во интерес и на полицијата, во интерес и на граѓаните и во интерес и на меѓусебната доверба е една комуникација, која ќе прозвучи малку поинаку од досега, не по наше барање како граѓани туку по службена должност полицаецот да дојде, да се претстави, легитимира за да ја изврши својата должност. Мислам дека овој амандман треба да се прифати. Јас не апелирам до мнозинството да гласа за амандманот, затоа што знам дека нема да гласа за него, тоа не функционира во нашиот Парламент никогаш, не функционирало ни до сега, меѓутоа, апелирам до министерката тоа да го прифати затоа што не гледам што ќе изгуби со тоа, а довербата на полицијата ќе биде многу поголема. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има две барања за реплика и вклучително евентуалните контра реплики, а потоа пауза за ручек.

Има реплика госпоѓата Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Јас барам збор и ќе си говорам кога ќе дојде ред.

**Љубиша Георгиевски:** Дали пратеникот Валентина Божиновска исто така има реплика?

**Валентина Божиновска:** Да, имам реплика за амандманот.

Имам чувство дека амандманот на гспоѓа Каревска е сосема оправдан, реален, точен, она што е донесено како национална стратегија при Еврпската комисија е овие закони конечно, законите кои се од вакво значење да бидат точни, прецизни, прифатливи и добро напишани. Значи ние имаме прво еден сериозен проблем со прецизноста и точноста на овој закон и навистина мислам дека во овој миг, а треба сите заедно добро да размислиме и добро е што ќе имаме пауза за овој член 33, бидејќи она што не тангира со овој закон е она што е основ во сиве овие 15 години за Македонија да се говори како неполициска држава. Всушност, може да си припомогнеме за да го прифатиме овој амандман со Резолуцијата 690, на која се повика и државниот секретар при објаснувањето на Комисијата за политички систем. Имено, за што се работи? За член 4, во кој се вели дека имајќи го предвид мислењето дека европскиот систем за заштита на човековите права би се подобрил ако би се прифатиле правата кои се однесуваат на професионалната етика на полицијата, да се вратиме на првичната констатација на донесувањето на овој закон, дека за прв пат во историјата на Македонија ќе треба да имаме избалансирано однесување меѓу полицијата и македонската јавност.

Според тоа, не се согласувам со првиот став кога полицискиот службеник ги применува полициските овластувања во цивилна облека, должен е најнапред да се легитимира, тоа е така, но во услови на загрозеност не би можел да ја постигне својата цел, односно ако е во акција не би можел да се легитимира. Ова е апсолутно поткрепено со Универзалната декларација на човековите права, во кои народите на Обединетите Нации со Повелбата ја потврдија довербата на слободата на граѓаните. Ако не се прифати овој амандман, веднаш, од старт ги загрозуваме човековите права и слободи. Тоа значи дека секој може да ме застане и секој може да има такво овластување да не каже дека е во полициска униформа или униформирано лице и дека не е полициски службеник. Впрочем, деновиве сме сведоци на една немила агенда на Алфите, во кои дел од луѓето не знам од која компанија, простете, јас ги примив тука во Собранието, биле загрозени токму од овој тип на акција на Алфите. Немало време за пријавување.

Според тоа, навистина мислам дека овој амандман е сериозен и ја повикувам парламентарната група да гласа за овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема контра реплика, објавувам пауза за ручек.

(Пауза)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,16 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа.
За збор се јави господинот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Почитуван господине Георгиевски, почитувани колеги пратеници.

Можеби ќе се повторам со неколку работи од претходниот говорник во врска со амандманот што го даде госпоѓата Роза Топузова-Каревска, но ве уверувам дека тие беа и мои ставови и дека можеби ќе објаснам неколку работи од аспект на законот и овој амандман кој се однесува на легитимирањето или нелегитимирањето на полицискиот службеник и во однос на членот 33 според кој член во неспецифираните случаи, ќе го цитирам членот “Кога има реални околности според овој член и овој став се дозволува правото полицискиот службеник да не е должен да се легитимира”.

Јас мислам, господине Георгиевски, дека треба да бидеме парламентарни, и тоа што сте го направиле во минатото и што не го направивте денес околу дискусијата што ја имаше господинот Поповски, немојте и мене да ми го земете правото бидејќи суштината на мојата дискусија е навистина овој предложен амандман. Значи, суштината е во легитимирањето или нелегитимирањето, или поведението, односот на полицијата во разни околности во една држава која претендира да биде демократска и која претендира да се зачлени во европското семејство. И, во врска со оваа суштина, искрено, ќе ви кажам дека немам никаква иронија или задна цел, туку би се обратил со едно директно прашање. По се изгледа ниту госпоѓа Јанкуловска, ниту пратениците од парламентарното мнозинство, тие што се присутни овде од ВМРО-ДПМНЕ и од НСДП немаат намера да расправаат, да дебатираат и да ми одговорат на едно едноставно прашање. Госпоѓа Јанкуловска како претставник на Владата, според биографијата и според личното познавање кога се запознавме на еден коктел, има живеено во Англија или студирала едно време во Англија. Не сум имал можност да бидам толку долго во Англија, можеби 2-3 месеци и верувам дека госпоѓа Јанкуловска престојувала подолго време во Англија и бидејќи Велика Британија е земја членка во Европската унија, исто така и е една од клучните држави во таа унија, во врска со однесувањето на полицијата во Велика Британија, би сакал да зрачи, ако не да одговори во врска со споредбата на однесувањето на полицијата во Велика Британија и тоа што се предлага со овој закон.

Второ прашање по однос на полицијата, господине Георгиевски, преку овој амандман кој се покрена од еден електронски медиум синоќа дека вршејќи интервју со граѓаните, дали знаете за што се дебатира и за каков закон се расправа во Собранието, би ги поканил медиумите, оваа расправа, оваа дебата да не ја гледаат така како што имаат обичај како една дебата, како една расправа помеѓу ДУИ во коалиција со ПДП, како албанското мнозинство и ВМРО-ДПМНЕ. Ова е во врска со амандманот, бидејќи треба, господине Георгиевски, да им објасниме на граѓаните и на почитуваните пратеници од праламентарното

мнозинство, што ќе прави граѓанинот, нивниот гласач доколку овде ќе го повторам и господинот Поповски, а тоа имав и намера да го кажам, ако некој носи полициска униформа или облече една униформа и ја порача една полициска униформа , тој човек може да биде висок 2 метри, со брада или мустаќи и тој да му пријде на граѓанинот, дали мислите почитуваните граѓани кои не следат, знам дека во медиумите овој дел нема да го пренесат, но граѓаните кои ја следат оваа седница, треба да знаат дека овој Предлог-закон или членот 33, каде не го задолжува полицаецот да се легитимира, отвора можности, што се случило и порано, а да не спомнувам држави, вие реагиравте по однос на Јужна Африка која е синоним од минатото, во едно наше соседство имаше многу случаи, документирани и евидентирани во полицијата на таа држава, но и во нашите медиуми дека многу кражби на автопатиштата се направени од луѓе кои и носеле униформи, полициски униформи. Тие во името на таа полиција ги сопреле граѓаните на таа земја, туристи и им го украле патничкото возило и по сето ова оди и најди го тоа. Во тој закон на таа дотична земја и овде сега кај нас, друго е доколку ние сакаме да бидеме како Белорусија, господине Георгиевски, зашто ние сакаме да бидеме во Европската унија,доколку ние дозволиме.

**Љубиша Георгиевски:** Не спомнувајте други држави во негативен контекст, тоа не е добро.

**Агрон Буџаку:** Тоа е мој одговор, господине Георгиевски и цел свет ја спомнува Белорусија како синоним на диктатура. Јас реков дека Јужна Африка е минато на апархејдот. Сега, доколку дозволиме, со овој член и госпоѓа Јанкуловска дозволи и вие пратеници, како ќе изгледате пред народот кога еден граѓанин, не се говори за Тетово или за Дебар или Гостивар, може да биде во Струмица или во Гевгелија, во Крива Паланка, како ќе им објасните на граѓаните дека тие ќе знаат за што денес расправаме. Токму нашите забелешки секогаш се обојуваат, за жал, за да кажат нешто со политички реваншизам и од опозицијата и од позицијата и со тоа дека можеби некој сака да продолжи една мината пракса дека пратениците се само за да ги притиснат зелените копчиња, што значи, да, вие треба да зрачите и да учествувате во оваа расправа, бидејќи оваа денешна расправа е од интерес на граѓаните. Давањето на овластување или не за вложувањето на полицаецот за да се легитимира значи отвора можности за малтретирање на самите граѓани, чиј глас вие сте го добиле. Дали вие овде ќе штитите, ќе браните еден апсурден став на партијата или на вашиот лидер, за да браните еден закон кој е донесен од еден министер од друга провиниенција или ќе имате свест да говорите во име на граѓаните, кои вие треба во овој случај да ги браните. Ова е во вашата свест, а ние ви најавивме дека го прекршивте Уставот, Охридскиот договор и сега ги кршите елементарните права на граѓаните, бидејќи такви злоупотреби каде без легитимирање може да се случи како во соседната држава да се украдат возилата, а може да се случи уште полошо. Така, еден човек кој има инает ќе фати друг човек кој е 2 метри висок со брада и мустаќи, ќе облече униформа, полициска униформа, и без да се легитимира знаете какво е нашето население, не смее на еден полицаец од 2 метри да му каже да се легитимира. Ќе го земе тоа лице полицаецот и ќе го однесе кај непријателот.

Значи, овде суштината е од аспект на правата на човекот и на граѓаните кои ние треба да ги примениме. Исто така, тоа што се кажа и што го повтори господинот Поповски во врска и со госпоѓа Јаневска не е вистина дека ние треба неминовно и брзо да го донесеме овој закон. Од највисоките европски истанци многу јасно се кажа и недвосмислено дека помина рокот од 30 септември, се кажа за да имаме квалитетни и закони кои ќе се имплементираат и кои ќе ги почитуваат основните права на човекот. Така од овој аспект од големо значење е тоа, а јас немам друга логика, тоа може да биде нервоза и на коалицијата ДУИ-ПДП, можеби меѓуетничкиот реваншизам или нешто сосема друго. Ве молам, објаснете. Да ве потсетам дека не треба за овие амандмани да говорат само дел од опозицијата или тие кои не се во позиција, туку за амандмани можете и вие да говорите кои сте во мнозинство за текстот на законот. Јас моите забелешки ги кажав.

**Љубиша Георгиевски:** Дозволете јас да ги доделам, тоа не е ваша работа, а моја.

**Агрон Буџаку:** Вие го прекршивте вашиот интегритет, господине Георгиевски, бидејќи јас сум сосема убеден дека и вие не се согласувате со овој член. Овде ги имате забелешките од ОБСЕ во однос на полицијата и правата на човекот. За овие забелешки ќе говорам кога ќе се отвори расправата, бидејќи пологично беше овој предлог да се повлече. Значи, јас ве поканувам, бидејќи тоа ви е обврска пред вашите гласачи и доколку мислите да го штитите овој член, да го браните овој член или оваа законска одредба, повелете бранете ја и да ги воспоставиме аргументите и противаргументите. Бидејќи вашиот мир и вашето незборување се виновници на еден настан кој може да се случи, а не верувам дека ќе се укине овој закон, кога ќе се малтретира еден граѓанин кој е ваш граѓанин. Ви благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Сакам сите оние што беа сега квалификации за тоа дека ние не се залагаме за заштита на човековите права при полициските постапувања и т.н. да ги отфрлам, но мислам дека е добро да направиме промена во парламентарната пракса. Така, еден од амандманите да го прифатиме, мислам на амандманот за кој сега расправаме, така што мислам дека ќе биде добро, затоа што во суштина се подобрува текстот на законската одредба, а исто така можеби е добро секој припадник на полицијата пред легитимирање пред некои од

граѓаните, самиот да се легитимира. Мислам дека на овој начин ништо суштествено не се менува, но е во функција на подобрување на законскиот текст. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има контра реплика господинот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Господине Трајанов, не се работи со една реплика од три минути да се покрие една област од големо значење и кое ОБСЕ ја има од 8 страници забелешки. Затоа, моето инсистирање беше и од овој аспект треба граѓаните да знаат за што се говори. Се надевам дека граѓаните не следат. Овде се работи, освен оваа точка, имаме и многу други членови од кои причини ние кога бевме во позиција не го прифативме овој закон во оваа форма и поради оваа причина продолжуваме со нашиот конзистентен став. Овде се работи за една низа кршење на човековите права. Но, вие ве поздравувам што сте почнале да зрачите позитивно во оваа насока.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има Јашари Аднан.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, ќе настојувам и јас да ги дадам моите забелешки во однос на член 33 или уште на почетокот би сакал да нагласам дека ќе го поддржам амандманот на колешката, со кој што амандман се предлага да се измени ставот 1 од членот 33. Членот 33, меѓу другото зборува и за начинот на примена на полициските овластувања, секако униформирани и тие што се без униформа. Во ставот 1 се говори за примената на полициските овластувања на лицата или на полициските службеници кои што се во униформа, додека во ставот 2 се говори за полициските овластувања или за применувања на полициските овластувања на лицата полициските службеници кои што се без униформа. Така како што се предлага со соодветниот амандман се бара во текот на примена на полициските овластувања од страна на лицата или полициските службеници кои што се униформирани без оглед на тоа дали се говори за начело или исклучок, во соодветниот момент, значи во моментот на примена на овие полициски овластувања според предлог амандманот од почитуваната колешка, се бара овие службеници задолжително да се обврзат преку легитимирање вака како што е нагласено во текстот на предлот-законот. Тука повеќе од евидентно е дека лицата или полициските службеници кои што се во униформа, посебно ќе нагласам при текот на примена на полициските овластувања, тие не се обврзани да се легитимираат пред граѓаните. Меѓутоа нивното легитимирање може да се направи само доколку соодветниот граѓанин бара од полицискиот службеник да го направи истото. Кои се тие полициски овластувања? Тие се предвидени во текстот на овој закон во членот 38 и тоа се прашања поврзани со идентификација на лицата во членот 43 како што е прашањето на повикување на лицата или на граѓаните во членот 46, приведување 83 и т.н. Значи, полициските овластувања се многу и врз основа на овој текст, на овој предлог - закон се овозможува полицискиот службеник да не биде обврзан да се легитимира при примената на овие полициски овластувања.

Јас ценам дека или потполно би се согласил со ставот 3 од овој член 33 каде на таков дециден начин е нагласен исклучокот од ставот 1, меѓутоа, сепак не би се согласил со предложениот текст во ставот 1 од многу причини. Сите знаеме и ние како пратеници поседуваме легитимации и на барање или во моментот кога ние ќе бидеме задржани од страна на полициските органи, тие со право од нас бараат да се легитимираме. Исто така, сите знаеме дека сите надзорни органи, како што се инспекциите, инспекторите, меѓутоа и другите органи поседуваат определена легитимација преку која се легитимираат како такви.

Од друга страна, така како што беше кажано и од страна на мојот претходен колега, со самиот факт што некој носи униформа, тоа не значи дека тој во денешни услови мора да биде и полицаец. Ова се факти за кои што ние цениме дека текстот на ставот 1 од членот 33 треба да се измени. Во оваа насока, доколку вие ги прифатите овие аргументи, тогаш ќе треба технички да се интервенира во членот 33, за да се унифицираат двата става и преку оваа унификација, ценам дека ќе се подобри и текстот на законот или конкретно членот 33. Ви благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Јаневска Весна.

**Весна Јаневска:** Немам намера да образложувам она што веќе другите го кажаа и несомнено е дека овој амандман, доколку има било какво разбирање оваа Влада, би требало без дискусија да биде прифатен.

Навистина би ги замолила пратениците од сите парламентарни групи да го сторат тоа во моментот на гласање.

По повод овој амандман и другите амандмани кои поминаа и ќе дојдат на ред, сметам дека би требало малку посериозно да се однесуваат пратениците од парламентарните партии . Значи не станува збор дали треба полицијата да се легитимира во моментот на нејзиното дејствување, туку воопшто за квалитетот на законот. Во тој правец би сакала да ги прашам и за овој амандман и за сите други кои, на пример пратениците од СДСМ ги квалификуваа како квалитетни и пратениците од ДУИ ги квалификуваа како квалитетни, ги прашувам зошто тогаш во Собранието седат 2-3 претставници од СДСМ, 2-3 претставници од ЛДП, наместо одговорност за секој амандман за кој сметаат дека е квалитетен, да бидат сите присутни и да гласаат. Значи, овој член од законот, како и сите други членови се предлог на Владата на СДСМ и ДУИ. Се надевам дека, како и за членот 33 на кои госпоѓата Роза Топузова-Каровска има дадено амандман, така и сите други членови. Минатата Влада имаше белким доблест

да ги предложи како добро решение во законот за полиција. Се надевам дека, барем ако не кон парламентарните групи или тогашната парламентарна опозиција, барем кон граѓаните на оваа земја, беа чесни, па не предложија лош закон. Во тој правец прашувам, ако овој закон беше нивни предлог, ако членот 33, без измената на госпоѓата Каревска, беше нивни предлог, зошто тогаш кога го предлагаа законот не го направија така ние да не даваме амандмани, туку да беше со највисок квалитет и ние да неморавме да се мачиме со денови да ги анализираме, да работиме на законот и да даваме толку голем број на амандмани. Сега нивната хипокризија оди до таму што доблеста  на оваа Влада да го прифати исцело нивниот закон и да го спроведе во ова Собрание за усвојување, Значи нивната хипокризија оди до таму таа доблест да ја критикуваарт, занемарувајќи ја нивната одговорност, не кон новиот министер, не кон новата Влада, туку воопшто кон граѓаните на оваа држава и кон самата држава. Значи, бидејќи имам доблест по секој амандман да гласам по свое сопствено видување, како избраник на народот, јас ги молам пратениците од сегашната опозиција да се соберат сите тука на број, толку колку што се, па заедно со моето лично видување и видувањата на неколку пратеници, можеби од ДПМНЕ, Либералите, Социјалистите, да успееме некои од квалитетните амандмани да ги изгласаме, без оглед што во моментот Владата сметала дека не треба да се изгласаат. Тогаш ќе сметам дека навистина опозицијата е конструктивна, дека навистина сакаат сериозно да придонесат за поголем квалитет на овој закон, а не дека нивните гласања односно не гласања, или нивните дискусии се во правец на опструкција на ова Собрание, што го прават веќе неколку дена. Притоа држејќи ја македонската јавност како заложник на не работа на ова Собрание и подгревања на разно разни не само политички тензии, и свртувајќи го вниманието и на Парламентот и на јавноста, кон внатре партиските или тесно партиските потреби на сегашната опозиција.

Ќе се вратам на амандманот. Велам дека ќе го гласам, како и сите оние други, без оглед од кого доаѓаат, како што го гласав и можете да видите во листингот дека сум го гласале и амандманот на Есад Рахиќ и претходните амандмани на Роза Топузовска, и моите амандмани, а сигурна сум дека тие не гласаа за моите амандмани за кои велат дека се квалитетни, затоа што не беа присутни во салата и затоа што тоа се гледа од листингот. Значи, не станува збор за тоа дека полицијата кога и да сака, што и да сака, макар и да ми соопшти, треба да се легитимира. Не знам зошто би била нервозна кога својата должност би требало да ја исполни пред граѓаните на Република Македонија.  Но, сакам да кажам дека јас како граѓанин не сум нервозна и кога полицијата нема да ме легитимира, доколку тоља беше како во некој минат период, пред владите на СДСМ и ДУИ, и владите на СДСМ и други коалициони партнери, да направат некои нешта, а тоа е, од оваа држава да направат полициска држава и да ја злоупотребуваат полицијата во нивни сопствени цели, да ја злоупотребуваат не само полицијата туку и некои други институции, за прогон на свои партиски опоненти, да демонстрираат сила преку полицијата, со сопствени сили да вршат силни влијанија на државните институции и во полицијата и некои други сегменти од политичкото живеење и не само политичкото туку и од институционалното работење на оваа држава.

Слушнав дека униформата не значи ништо. Точно е дека во овој момент униформата не значи ништо и дека полицаецот облигаторно треба да ја покаже својата значка и да се легитимира пред граѓанинот. Но, јас ќе ви кажам и зошто униформата повеќе не значи ништо, затоа што некои влади во оваа држава дозволија униформата да не значи ништо,  бидејќи од редовни армиски служби правеа т.н. паравоени формации, затоа што од државни институции, како што беше полицијата во изминатиот рок правеа банди на криминалци, затоа што од регуларно формирани полициски сили и специјални полициски сили, правеа бунтовници. Тоа,  тие луѓе не беа. Тоа , власта на СДСМ и ДУИ ги прогласи дека се. Значи токму од тие причини го поддржувам овој амандман и ќе го гласам. Ги повикувам и пратениците на ДПМНЕ да го гласаат за да не им дозволат во иднина на оние деструктивни сили кои се обидуваат се, па и работата во Законодавниот дом да го злоупотребат.

Притоа, надвор од дискусијата за овој амандман, но само една реченица.

Ги молам сите пратеници и оние на СДСМ и оние на ДУИ, на ДПА и Либералите да влезат во салата, конструктивно да работат. Ја молам министерката да го преиспита своето мислење по повод некои амандмани, а пратениците на ДПМНЕ да не стојат цврсто и секогаш, зад ставот на Владата, туку по свое видување да гласдаат , па во следните неколку часа, или утре да завршиме со расправата по амандманите и да добиеме поквалитетен закон.  Благодарам.

**Љубиша Георгиевски** : Три минути реплика за пратеникот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Почитувана колешке Јаневска .

Не знам дали мислите дека делумно се следат овие седници. Ние ја следевме целата расправи во врска со предложените амандмани. Го навредувате народот, бидејќи манипулирате со нешто што се слуило вчера.

Самата госпоѓа Јаневска ги повлече своите амандмани, кои амандмани беа во правец на подобрување на овој закон. Сега овој закон, јас 4 години сум во политиката и можам да ви кажам дека вие ги менувате ставовите за два дена. Ставовите се менуваат секој ден, ги менуваат од ДПА, но тие тука не се присутни. Од друга страна нема зошто да не повикувате нас во врска со овој закон кога ние јасно кажавме, го повторивме и пак ќе го повториме дека ние не се согласувавме ни

со првата фаза на овој закон, поминаа две фази. За ова постојат и стенogравски белешки.

Не се говори дека се врши еден реваншизам во однос на опозицијата или во однос на ДУИ. Ова се начелни прашања. Ние тоа постојано го нагласуваме. Велите да се работи во интерес на Република Македонија. Каков е тој интерес кога не е европски интерес . Европа говори со официјални претставници на Европската Унија и неможе некоја држава да говори во има на Европската Унија. Се знае кој говори на Европската Унија. Тие јасно кажаа, дека ние сакаме квалитетни закони. До крајот на наредната година нема да очекаме покана. Значи не е од интерес на Република Македонија ние да ги малтретираме граѓаните со вакви закони, наводно за да се зачлениме во Европската Унија. Европа ќе рече, не . Дајте ни квалитетни закони за да влезете во Европската Унија . Ние кога се ангажираме за имплементација на Охридскиот сдоговор и сме против манипулациите со Бадинтер, кои се направија отворено пред очите на целата јавност и се жртвуваше една дама. Ние отворено се декларираме за овие работи и наводно ние сме биле деструктивни. Тоа е еден апсурд. Како течат работите овде, во овој Парламент жалам што ќе кажам, но не личи на еден сериозен парламентарен дом, на една земја која претендира да се зачлени во Европската Унија. Затоа, ве молам, вие имавте амандмани и ги повлековте, незнам од кои цели, не сакам да шекулирам, но народот го има предвид и овој факт.

**Љубиша Георгиевски** : Еднна минута контра реплика за госпоѓата Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Ве молам господине Буџаку да не не вовлекувате во вашата битка со ДПА. Не зборував за такво нешто. Напротив, зборувам крајно конструктивно за донесување на поквалитетен закон кој е ваш предлог.

Ќе повторам она што го кажав. Се откажав од моите амандмани, на барање на претседателот на Собранието и на пренесениот став дека е страшно значајно, што е можно побрзо да се донесе овој закон. Ваши претставници беа присутни на координациите и вие знаете дека тоа е така и немојте да ја злоупотребувате мојата култура и да ме провоцирате да се однесувам дипломатски. Она што не треба да го кажам, нема ни да го кажам. Точно е тоа дека ние поразговаравме кратко. Јас ви велам, вие овде имате право да гласате по сите амандмани, како и СДСМ кој не е присутен, а бара од нас нешто што неможе да се оствари без нивното присуство. Значи зборувам за демагогија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски :** Три минути реплика за пратеникот Роза Топузова-Каровска.

**Роза Топузва Каровска:** Благодарам претседателе.

Ова ќе го искористам како реплика и покрај тоа што како предлагач на амандманот имам право да побарам збор и да го добијам пред другите.

На самиот почеток сакам да го изразам моето задоволство што овој амандман наиде на широка поддршка и тоа на пратеници од повеќе политички партии кои се застапени во Парламентот на Република Македонија. Но, сакам да кажам дека навистина овој амандман го поднесов се со една единствена цел, за подобрување на текстот на законот, поготово што е многу сериозен и задира во една многу сериозна тематика. Тоа е заштита на човековите права и слободи. Токму поради тоа сакам да и кажам на почитуваната колешка Јаневска, која многу ја респектирам, дека јас навистина во ниту еден момент немав намера да опструирам и токму ги поддржувам голем број од нејзините амандмани, за кои што и гласав. Сметам дека навистина и со нив во голема мера ќе се подобреше текстот на законот ќе се прецизираат некои места. Ако ги погледнеме стенографските белешки ќе видиме дека и госпоѓата Јаневска има дискутирано неколку пати подолго. Јас никако, во ниту еден момент тоа не го толкувам како опструкција, напротив како многу конструктивна дискусија. Сакам навистина да се подобри квалитетот на законот. Сакам и моите амандмани да бидат сватени во таа насока. Не ги поднесов ама баш, во ниту еден момент да не помислам дека ќе има опструкции и со тоа да сакам да го отежнам донесувањето на овој закон и работата во Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за пратеникот Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Се извинувам на госпоѓа Топузова Каревска, доколку погрешно ме разбрала. Бидејќи се наоѓаме во иста ситуација, сериозно работевме, воопшто немав намера да кажам дека вашата работа била во правец на опструкција. Но, факт е дека овие два дена во Парламентот се одолговлекуваше и се трошеше време за да се покаже моќ и сила, а не конструктивно да се работи. Сметам, исто така како што е мојата работа беше сериозна и напорна, особено затоа што е од туѓа област, не од областа на здравството и медицината, вложив премногу труд. Сметам дека и вие тогаш тоа сте го направиле.

**Љубиша Георгиевски** : Благодарам.

Повелете господине Алити, три минути реплика.

**Рафис Алити:** Навистина ќе го поздравам придонесот што сака да го даде госпоѓата Весна Јаневска, меѓутоа не се согласувам со тоа дека пратениците од опозицијата се хипокрити, посебно пратениците од СДСМ затоа што тие немаат потреба од адвокат, некој нив да ги брани. Меѓутоа, велам, доколку и јас бев на нивно место, доколку јас би предложил предлог закон кој едно идно мнозинство би го земал тој предлог закон без да смени ниту еден член, и јас би се однесувал исто како нив, значи не би бил присутен во салата од причина што предлог законот кој и јас сум го изготвил ќе се гласа. Така што не се работи за хипокризија, туку се говори за неспособност на мнозинството да изготви закон со кој навистина ќе се приближи до граѓаните,

граѓаните од кои што сме го добиле гласот. Значи, закон кој би бил реформаторски и би не одвел напред. Меѓутоа, тоа е работа на мнозинството. Јас нема да говорам за тоа.

Вие говорите конструктивност, госпоѓа Јаневска, ние пратениците од ДУИ токму заради тоа и учествуваме во расправата, по амандманите кои се поднесени од ваша страна или од пратениците на другите парламентарни групи за да го дадеме својот придонес и навистина нешто да се измени на добро, а не на лошо.Учеството на пратениците од ДУИ треба да се разбере на овој начин, а не поинаку.

Што се однесува до тоа што вие обвинувате, или пак нас како пратеници не обвинувате дека сакаме да ве вовлечеме во расчистување на сметки со ДПА, тоа воопшто не е наша цел, напротив, навистина кај пратениците од ДУИ и воопшто кај Албанците во целина, постои една голема дилема во однос на тоа дали ВМРО-Народна постои или не постои, затоа што вие се изјаснивте дека вашите пратеници ги ставате во услуга на ДПА, додека кај албанското население токму спротивното е, дека пратениците со ДПА се преминати во ВМРО-Народна и т.н. Токму тука е и нашето двоумење околу тоа кој што е, дали сте вие ДПА или се тие ВМРО-Народна. Ќе беше добро, доколку вие како лидери, а и тие да се изјаснат во таа насока.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика пратеникот Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Господине пратеник, со големо задоволство ја примам вашата констатација дека не знаете дали постојат овие две партии. Овие две партии постојат поединечно. Ние имаме политички договор што сметаме дека ќе придонесе за добробит на оваа земја, не само наш, туку на сите нас, вклучувајќи ве и вас. Инаку ако навистина се прашувате дали е тоа така, мене ми е драго затоа што, еве ние ќе бидеме две партии кои ќе почнат да функционираат на мултиетнички принцип, што мислам дека треба сите да го прифатите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика Хани Тахир.

**Хани Тахир:** Почитувани пратеници, навистина дискусијата на госпоѓа Весна Јаневска ми даде можност да го искажам моето мислење и да го кажам тоа дека од самата госпоѓа Весна Јаневска во овој Парламент се слушаат контрадикторни ставови и јас сум во дилема во врска со тоа кој е нејзиниот начелен став. Една мисла во која таа ги повлекува своите амандмани за кои и е убедена дека придонесуваат за доброто на државата со еден амандман кој во својата содржина сака да направи една измена и еден заслужен придонес во однос на законот, или го сака спротивното на сето тоа. Јас за прв пат сум во овој Парламент и мислам дека најнапред констатирам дека во овој Парламент да се создаде една акција, значи да создаде и реакција. Реакцијата и противреакцијата е во насока на тоа дека така како што госпоѓа Весна Јаневска создаде позитивни релации на добро разбирање и во моменти и состојби кога таа не е во согласност со своето дадено мислење во однос на Предлог законот, поднесувајќи и амандмани. Мислам дека нашата реакција најнапред беше дека ние побаравме Предлог законот за полиција да се повлече и да добие еден сепартиски консензус, значи еден политички и етнички консензус. Кога таа како личност, или претседател на една политичка партија создаде можност на создавање на една релација и позитивен придонес, зошто не се дозволува и оваа можност на ДУИ и ПДП заедно да го дадеме потребниот придонес, значи да се надминат нашите разлики. Јас лично, можеби таа ќе рече дека сме деструктивни но лично длабоко сум убеден, велам лично длабоко сум убеден и не се согласуам со овој Предлог закон кој е предложен од Владата. За овој Предлог закон не се согласи ниту ДУИ и во временскиот период кога бевме во Влада. Значи, се работи за едно продолжение на несогласувањето со Законот кој се предлага. И ова е основниот аргумент кој ни дава моќ да се спротивставиме со сите демократски средства. И ќе се спротивставиме, бидејќи не се согласуваме на ниту еден начин. Јас не се согласувам доколку и ДУИ се согласи, значи јас нема да се согласам со овој Предлог закон.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Весна Јаневска, една минута.

**Весна Јаневска:** Не велам дека сте деструктивни, но тврдам и натаму дека на фин начин го злоупотребувате Собранието за да обрнете внимание на вашата партија, што е ваше легитимно право и го имате. Се обраќате на погрешна адреса. Не треба да и се обратите на Весна Јаневска, ја имате Владата и министерката, тие се тие кои инсистираат овој закон што е можно побрзо да се донесе. Јас и натаму, затоа што ми е воочено повторувам последен пат и нема да имам повеќе контрареплики. Ќе ги повлечам своите амандмани сите освен два, во иднина затоа што од мене така беше побарано во корист на Република Македонија и во корист на граѓаните. Сметам дека е чесно министерката и претседателот на Собранието за да ја прекинат оваа агонија на реплики и контрареплики меѓу мене и Собранието да го кажат она што го кажаа веќе неколку пати јавно. Но, ве молам, уште еднаш многу накратко во две реченици.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ви благодарам на дискусијата. Како што се договоривме и на координацијата, јас ви благодарам исто така на значајниот придонес дискутирајќи за многу важни работи со малку зборови да кажете многу и да допринесете времето да не се развлекува вака како ништо да не значи.

Реплика три минути Теута Арифи. Ви благодарам.

**Теута Арифи:** Сакав да имам можност вчера да полемизирам со госпоѓа Јаневска токму поради фактот на повлекување на амандманите кои што имав можност да ги прочитам и можам да кажам дека беа од посебен интерес, затоа што се

однесуваат на делот кој што е во областа на правата на човекот. И тоа што мене ми изгледаше еуфорично интересно беше токму изјавата на госпоѓата Јаневска, вели, го повелекувам овој амандман во интерес на Република Македонија. Госпоѓа Јаневска, интересот на Република Македонија е да има демократски парламент и да се  дебатира отворено посебно за чувствителни прашања на демократијата, на функционирањето на демократијата и на правата на човекот истовремено и на меѓуетничките односи. Имам впечаток дека настојувајќи да наметнете една преголема љубов за Македонија, вие веќе се гушите од преголемата доза на љубов. Значи, ограничете го тоа.

Исто така, сакам да кажам нешто што се однесува на она што вие рековте за четирите минати години на наше владеење, што, беа тешки години. Јас и моите колеги од мојата партија со полна одговорност сме се ангажирале за функционирање на полицијата и за градење на начело на правично и соодветно застапување на сите етнички заедници во полицијата од причина што од нашето владеење од пред 2002 година ние наследивме полиција која што освен што можеше да врши насилство над немакедонците, многу малку имаше ефикасност во другите активности. За четирите години ние сме горди за тоа што постигнавме во соработка со меѓународниот фактор, со ОБСЕ и со Проксима барем да ги направиме првите чекори за една полиција која што би требало да биде вистинска, праведна за сите граѓани, а не само средство на насилие на поголемиот кон помалиот. Значи, тоа сме го направиле, госпоѓа Јаневска и сме настојувале да го направиме. Го спориме овој закон затоа што мислиме дека овој закон треба да направи и да даде гаранции кои што би биле уште поголеми за да има рамноправност и демократија и поголеми можности и подобри можности за сите за постигнување на заеднички стандарди кои што би биле европски за сите. Ова е интерес на Македонија госпоѓо Јаневска, а не евентуално повлекување  од една расправа која трае 2 до 3 дена за прашања кои што се толку чувствителни и кои што се во однос на сите нас, посебно со нашите граѓани.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Благодарам.

Значи, ВМРО Народна Партија е онаа која е потписник на Рамковниот Охридскидоговор кој повеќе не постои, бидејќи е имплементиран во Уставот на Република Македонија. И ние стоиме зад тоа што сме го потпишале. И немаме ништо против мултиетничките полициски сили. Но, станува збор за злоупотреба. Ќе ве потсетам на пример на случајот "поштарот", а и на ова што го зборува наш иден пратеник од албанска националност за некои 200 убиства во Тетово, за некаков криминалитет во Тетово каде што воглавно полициските сили се од друга етничка припадност, што мене воопшто не ми пречи и ве убедувам дека е тоа така. Но, станува збор за партиски припадници.

Ви благодарам. Јас сега ќе ја напуштам салата и ќе се вратам за гласање.

**Љубиша Георгиевски :** Има збор Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Господине Георгиевски, почитувани пратеници, жалам што госпоѓа Јаневска го напушти Парламентот. Ми се чини дека не може оваа госпоѓа да се справи со факти и аргументи пред коалицијата ДУИ и ПДП. Јас како пратеник на партијата за Демократски просперитет ги припадник на широката сеалбанска коалиција, значи ДУИ, ПДП, дозволете ми да коментирам во насока на овој предложен амандман од колешката Роза Топузова Каревска. Иако не е присутна Јаневска, јас повторно ќе ги кажам моите зборови кои имав намера да ги кажам. За деструктивноста која ја најави и ја презентира и им го укажа на сите други кои не мислат како таа. Јас ќе кажам само една реалност дека е најдеструктивна во овој парламент со своите амандмани поднесени пред јавноста на Република Македонија и преставниците на народот во ова Собрание, повлекувајќи ги своите амандмани, бидејќи со своите амандмани сакала да допринесе во однос на подобрувањето на овој закон за полиција. Се согласувам со една точка со Весна Јаневска. Но, за жал таа не е тука, но тука е нејзината Парламентарна група која е присутна, бидејќи таа се согласува дека се говори за едно мултиетничко општество и за мултиетничка Македонија како што кажа малку претходно. Но, го погреши партнерот, бидејќи нивниот партнер, значи ДПА не видоа за сходно да останат во Парламентарната расправа, затоа што не можеа да се соочат со фактите и аргументите.

**Љубиша Ѓеоргиевски:** Говорете само за амандманот.

**Сафет Незири:** Би ве замолил господине Георгиевски, не сум единствен ниту прв кој коментира. Дозволете ми да завршам со мојата дискусија. Во однос на предложениот амандман и законот предложен од СДСМ, значи од минатиот состав на Владата, значи од 5 јули, оваа таканаречена Влада на ВМРО ДПМНЕ со својата коалиција тие не беа во состојба да  ја образложат фактичката и реална  состојба на Предлог законот за полиција. И не случајно овде пред нас го искажавме нашиот глас преку поддршката на амандманите предложени од нашите колеги. Ова Министерство мислам дека е многу несериозно и самите се довеле пред завршен чин. Ова Министерство не беше во состојба да изготви еден закон со кој закон како што сум нагласил и претходно ќе имаше политички консензус. Во однос на амандманот по член 33 за легитимирањето на униформиран полицаец пред граѓанинот или граѓанинот да побара полицаецот да се легитимира, верувајте ми дека ова е комплетно едно смешно прашање кога еден граѓанин ќе побара да му се легитимира припадникот на Министерството за внатрешни

работи, бидејќи само по себе униформата со која ја симболизира државата и како припадник на Министерството за внатрешни работи ова укажува на уставноста и законитоста на Република Македонија. Но, од друга страна велам од друга страна сигурно дека оваа Влада нема интервенирано во овој дел од членот и во овој дел на поднесениот амандман од страна на тн. министерка Јанкуловска, бидејќи не го гледа попатно и не е спремна нешто вакво да отстрани. Ќе ги кажам и причините. Се поставува прашањето, дали се навистина овие униформирани полицајци вистински полицајци, или се производ на конфликтот од 2001 година. Што сакам да кажам со ова? Со ова сакам да кажам дека во текот на конфликтот во 2001 година на нерегуларен начин се мобилизираа еден голем број граѓани од Република Македонија од македонската етничка заедница за да учествуваат во конфликтот во 2001 година.

Прво, карактерот и моралот, нивното поведение, не говорам за сите, велам за еден дел од тие лица кои немаат добар карактер. И имаме многу случаи каде преку медиумите биле претставени луѓе кои биле под влијание на дрога и криминогени дејствија. Државата во овој момент го нема во предвид фактот да ги отстрани овие негативни појави. Јас би ве замолил, Весна Јаневска 20 минути говореше надвор од предложениот амандман. Би ве замолил да привршам господине претседател на Парламентот. Говорам за легитимирањето на полицаецот односно да го елаборирам предложениот амандман од госпоѓа Каревска. И сакам да го образложам тоа што сакам да го кажам. Со тоа дека државата нема можности да ги отстрани и да ги елиминира овие негативни појави. Ова е фактот во овој дел од ставот 1 каде ние сега интервенираме. Бидејќи доколку има можност да се отстрани. . .

**Љубиша Ѓеоргиевски:** Слушам совршено добро. Не ве разбирам. Почнувате од замор не поврзано да говорите и тоа можам да го докажам.

**Сафет Незири:** Господине Георгиевски по се изгледа тоа е ваш проблем. Само дозволете да завршам.

**Љубиша Георгиевски:** Нема да дозволам да завршите, ако говорите неповрзано. Ако сакате да одолговлекувате, земете книга и читајте.

**Сафет Незири:** Господине Георгиевски. Вие се прокламирате како културен човек и таков останете, би ве замолил.

Во однос на мојата дискусијај на каков начин јас дискутирам и расправам пошироката јавност на Република Македонија ќе оцени дали е добра, или не е добра мојата дискусија. Вие знаете добро дека самото легитимирање и барањето на граѓаните да се легитимира полицаецот носи една нејасност во овој амандман. Кога ќе се гласа, ако се гласа овој закон во иднина, иако барам јавно овој закон да се повлече, мислам дека покрај забелешките и сугестиите кои се поднесени од ОБСЕ голем дел не биле прифатени. И како расправаме и како анализираме, стручното мислење а околу овој член самата Европа и тие сами ќе се зачудат. Затоа говорам околу легитимирањето. Не случајно постои овој став од овој член. Нејасноста и небезбедноста на ова Министерство и самата држава за да дефинираме едно мултиетничко општество како што е Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Почитуван претседателе, вџашена сум од немање автентична култура во Парламентот, вџашена сум од дел од пратениците кои конструктивно работења од ДУИ за време на законот и на амандманите, вџашена сум од вметнувањето на 3,4 реченици, кои ме вознемирија, ме направија да се чувствувам тажна во овој Парламент. Ја повикувам македонската јавност, ве повикувам вам претседателе, вам почитувани колеги од ВМРО ДПМНЕ да реплицираме сите заедно на репликите на почитуваниот колега.

Во време на конфликтот од 2001 година регрутација имаше на голем број македонци не зависно од тоа да застанат на браникот на Република Македонија.

Почитуван колега лавиците, лавовите кои беа по затворите, моите драги пријателки од одбранбената единица лавици кои се онеспособени со психички, со физички недостатоци кога ја бранеа Република Македонија не беа лица со наркотици, наркоманизирани како што вие велите. И за разлика од тоа тогашната ваша коалиција СДСМ ДУИ нивните деца ги испрати во Грција, во Америка, во Канада за да можат да ги спасат и да не бидат во време на конфликтот. Затоа ве молам, внимавајте со речениците, внимавајте со зборовите. Зборот е стрела, зборот е огнено оружје. Овде сме во име на демократијата, овде сме во име на тоа како да и реплицираме на јавноста, дека во иднина овој Парламент ќе работи токму на демократските принципи за мирот и за достоинството на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика за господинот Незири.

**Сафет Незири:** Многу јасно знаете дека во Република Македонија во последно време, пред неколку дена имаме убиство на бивши припадници на лавовите со други припадници на воени формации во Република Македонија. Јас многу добро кажав госпоѓо Божиновска, дека не се говори за сите припадници кои биле мобилизирани, но се говори за една одредена група. Имам многу добри информации дека во разни болници како се лечат одредени припадници. Велам неколку припадници а не сите. Би благодарам.

**Љубиша Ѓеоргиевски:** Има процедурално господинот Алити, три минути.

**Рафис Алити:** Ви благодарам за зборот. Ние како парламентарна група навистина, тука слушаме како се зборуваат многу неодговорни работи,

тешки работи, нешто што не е добро ниту за ова Собрание, ниту за овие што ме слушаат. Госпоѓо Божиновска треба да внимавате што говорите. Ние бараме еден час пауза да ни се подели стенограмот и да видиме кој што кажа, потоа да дојдеме и да дискутираме така како што треба да дискутираме и така како што бара нивото на Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам 15 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,40 часот).

Три минути процедурално за госпоѓата Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Сакам да го вложам мојот остар протест против начинот на кој вие ја водите оваа седница.

Во текот на расправата по амандманот даден од пратеникот Роза Топузова-Каревска на член 33, дозволувате од сите страни оддалечување од темата и излети во некои сосема други води.

Затоа ве молам, да го вложите цел свој личен дигнитет и авторитет и да ја замолите пратеничката Божиновска лично да ми се извини заради својата изјава дека СДСМ во текот на 2001 година ги испраќал своите деца и блиски роднини во странство, додека "Лавиците" и "Лавовите" се бореле во интерес на нашата земја.

Пратеничке Божиновска, лично сум навредена од вашиот став, бидејќо мојот сопруг како припадник на Армијата на Република Македонија, цели седум месеци беше на терен на браникот на нашата земја, а такви како него во Армијата на Република Македонија верувајте, ги има многу. Нема да прифатам анблок 140.000 членови од СДСМ паушално да ги навредувате и нема да го прифатам вашето објаснување дека сте мислеле на бизнис круговите од СДСМ, биденќи сакам да ве потсетам, дека во 2001 година припадници на бизнис елитата во нашата земја беа токму припадниците на вашата полилтичка партија, односно новата бизнис елита од 1998 до 2002 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално се јавува госпоѓата Весна Јаневска. Со тоа што ве молам, процедуралните дискусии тука да ги ограничиме да не отвараме теми што не се на дневен ред. Значи, ги ограничувам процедуралните дискусии, заклучно со дискусијата на Весна Јаневска.

Имено, во прилог на дискусијата на госпоѓа Бендевска.

**Весна Јаневска:** Ви благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, сосема сум согласна дека оваа дискусија е надвор од членот и амандманот на госпоѓа Роза Топузова-Каревска. Но не можам покрај се тоа да премолчам така како што некој други пратеници бараа овде и се чувствуваа навредени и поради тоа бараа извинување. Јас барам извинување за целиот македонски народ од тие што го навредија.

Сметам дека навистина, некој овде треба да чувствува одговорност како избраник на граѓаните на Република Македонија и да се извините на македонскиот народ за ова што пред малку го рековте.

Вие госпоѓо пратеничке не го сфаќајте лично и нема потреба да зборуваме за бизнисите. Надвор од процедурата, цела Македонија е во рацете на некој од СДСМ. Зошто сте вие лично засегнати, незнам.Ниој овде никој не посочува лично. Но, наместо да ве навреди тоа бидејќи имало некој, не е битно кои Македонци биле на Халхидики, факт е и тоа може да се провери, сметам дека треба да реагирате на навредата на македонските бранители, кои во ниеден момент не беа ни наркомани, ни бандити, ни криминалци, тогаш кога ја бранеа нашата земја и мојата и вашата и на сите други.  Зашто ние друга немаме. Оваа е таа и народот не избрал овде, да ги штитиме нејзините интереси. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Со оглед дека беше изрично спомната по име и презиме госпоѓица Валентина Божиновска има реплика, со евентуалната контра реплика на тоа завршуваме со репликите. Повелете имате три минути.

**Валентина Божиновска:** Почитувана колешке, простете што, името ви е Весна, не ви го знам, се радувам на оваа информација. Веројатно сум била во долгогодишна заблуда. Имено, во мојот живот секогаш се извинувам пред се на мојот татко кога грешам. И сакам да се извинувам, бидејќи сметам дека едно од поголемите човечки достоинства е кога грешите да се извините. Според тоа, во овој миг се извинувам на вашиот сопруг и се радувам што од она што е како анализа направено во единиците на "Лавовите" и "Лавиците", мислам дека петмина имаа припадници од СДСМ кои беа во единиците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика се јави госпоѓата Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам, бидејќи бев спомната...

**Љубиша Георгиевски:** За кога е контра реплика, за Весна Јаневска?

**Весна Бендевска:** За Валентина Божиновска.

Впрочем, и го започнав мојот остар протест против пратеничката Божиновска.

Имено, јас навистина не знам во чие име пратеничката Јаневска се извинуваше.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете процедурално три минути.

**Оливер Спасовски:** Благодарам претседателе, сакам навистина процедурално да ви укажам дека во погрешна насока ја насочуваме дискусијата, разговараме за теми кои не се предмет на расправа по овие амандмани. Затоа апелирам до вас, навистина, да не дозволите повеќе вакви упади во дискусијата под наводници на процедурални интервенции, заради тоа што ваква дискусија не не води никаде. Ако сакаме да разговараме за вакви теми, тогаш дајте да отвориме расправа во Собранието, па ќе си кажеме се што имаме да кажеме за другите. На

ваков начин, навистина правиме девалвација на самите нас и на Собранието. Затоа, апелирам строго да се држиме до процедурата.

**Љубиша Георгиевски:** Сосема го прифаќам вашиот предлог. Само Додовски чека долго време и има процедурално.

Повеќе процедурални интервенции не дозволувам, зашто господинот Оливер Спасовски беше совршено во право. Излегуваме и од теми и од се, и говориме за работи кои не се на дневен ред. Готово, одиме во дискусија. Повелете господине Додовски.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе, јас само накратко ќе кажам неколку реченици, во однос на она што го кажа пратеникот од ДУИ. Навистина, навредливите зборови кои беа искажани во однос на безбедносните сили на Република Македонија и во однос на навредливите зборови на македонскиот народ, најмалку нешто што може да се направи, да има едно јавно извинување на целиот македонски народ и на безбедностните сили на Република Македонија. Јавно ги запрашувам дали оние кои загинаа на Вејце, и на Карпалак и нивните семејства беа наркомани, беа криминалци или во онаа група кои пратеникот ги спомна. И Уште една друга рагбота. Да напоменам, се донесе еден закон за амнестија. Сите многу добро знаат за кого беше донесен тој закон за амнестија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Нека повели господинот Анастасовски Иван да земе збор.

**Иван Анастасовски:** Време е да продолжиме да работиме. Мене ми е жал претседателе што делото кое го создаде госпоѓата Роза Топузова-Каревска, односно кое гласи амандман во членот 33 став 1, по зборот “легитимираат” зборовите “на барање на граѓанинот” се бришат.

Значи, тоа беше суштината по која ние требаше сега да расправаме. Мое чувство е дека во салата имаше консензус ова што го направила колешката да помине. Одеднаш се создаде една тензична атомосфера која не доликува на ова парламентарно Собрание. Меѓутоа, ќе се обидам јас да се сконцентрирам на она што напишала колешката и навистина да дадам придонес во тоа за што овој текст на Законот, за кој сите тврдиме дека е од голема важност за Република Македонија му дадеме еден позитивен импулс, а тоа е ова што го направила колешката.

Јас и во првата фаза говорев по однос на овој закон и дадов некои сугестии и препораки кои, за жал, не беа прифатени, меѓутоа, сега кога го имаме текстот повторно пред нас и на Комисијата за политички систем, на колешката и ветив дека од она што го има сработено како амандмани, двата ќе бидат прифатени од моја страна лично. Едниот во главата го вгради самиот текст за овој амандман. Ќе повторам, мое чувство е дека има позитивна клима да биде донесен од пратениците во ова Собрание, меѓутоа, за жал, некои термини почнаа да се употребуваат во ова Собрание кои расправата ја оддалечија од она што колешката го напишала во својот амандман.

Јас реков дека ќе се сконцентрирам и кратко ќе го дадам својот допринос во она што го напишала колешката и мое мислење е дека она што го бара сосема искрено стои. Терминот каде што таа бара “на барање на граѓанинот” да се избрише е сосема оправдано. Полицаецот од европската пракса има обврска да се легитимира. Меѓутоа, кај нас, тоа е мое мислење, граѓанинот сеуште има стравопочит према полицаецот и не знам дали ќе се осуди да му побара легитимација со која го обврзува членот 33 од текстот на законот. Затоа, ова што го бара колешката тврдам дека е исправно. Да го обврзиме ние полицаецот да се легитимира и да покаже одреден степен на култура, што впрочем му е обврска. Затоа, верувам дека и останатите колеги кои се пријавени горе на екранот што ги гледам, ќе се обидат да се движат во таа насока, да го дадат својот придонес, она што го сработила колешката, јас и пратеничката група на Нова социјалдемократска партија, ќе го поддржиме овој амандман, бидејќи искрено сметам заложбите на колешката се позитивни.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе, во првата фаза на разгледување на Законот за полиција, исто така зборував за тогашниот член 29, а сега член 33 став 1 за тоа дека полицискиот службеник во униформа при примена на полициските овластувања задолжително да биде должен да се легитимира, не на барање на граѓанинот, туку едноставно, при самиот приод пред започнување на неговите полициски овластувања да се легитимира тој и што бара од граѓанинот.

Во текот на тогашната расправа давав и примери, дури и лични примери како полициските службеници знаат да ја злупотребат својата положба и своите овластувања и сега немам намера тоа да го повторувам, но мислам дека треба јасно да биде дефинирано во овој член дека полицискиот службеник во униформа при примена на полициските овлстувања, должен е да се легитимира и овде да заврши ставот 1 на членот 33. Уште повеќе, заради тоа што полициските овластувања се доста големи. Ќе спомнам само некои од членот 28, тоа е проверката и утврдување на идентитетот на лица и предмети, собирање информации и да не зборуваме за приведувањето, задржувањето, понатаму предупредување и наредување, привремено одземање на предмети. Уште повеќе кога се работи за преглед или претрес на објекти и простории на државни органи и институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и увид во определена нивна документација, или пак она што ги допира сите граѓани, тоа е собирање, преглед или претрес на лица, багаж и превозни средства. Значи, да не редам кои се овластувања

ги имаат полициските службеници, и добро е за граѓаните на Република Македонија, пред да настапат со нивните службени овластувања да ги превземат дејствијата, да кажат кои се, да се легитимираат, да знаат граѓаните, доколку тие ги пречекорат или ги злоупотребат своите службени овластувања на кого да се поплачат, да го знаат името на полицискиот службеник, кој е тој што ги пречекорил, или злоупотребил неговите службени овластувања.

Токму заради тоа давам поддршка на овој амандман и ги замолувам колегите исто така да размислат да гласат. Мислам дека со тоа ќе го подобриме законскиот текст и тоа ќе биде во прилог да имаме еден подобар закон за полиција.

**Љубиша Георгиевски:** После оваа суштествена изјава, има ли уште некој за дискусија?

Три минути реплика за господинот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Господине Георгиевски,

Ние сме во Парламент, а не во театар. Сеуште не сте прилагодени по се изгледа, барам реплика, а вие не можете да прејудицирате што ќе кажам во мојата реплика и дали е за смеење или за плачење. Мислам дека е за плачење и некој, доколку, на госпоѓа Бонева, доколку успееме денеска да ја отпочнеме дебатата во однос на текстот, треба да ги набројам са ред сето она што таа го кажала во првата фаза на овој Префдлог-закон, сите забелешки што ги има дадено во врска со постапката за приведување, за задржувањето и многу други забелешки. Така што немојте да мислите дека, според повикот да се декларираат пратениците од парламентарното мнозинство што мислат доколку им излезе еден голем полицаец на граѓаните и да побара од нив да се легитимираат, мислам дека уште еднаш ќе нагласам, бидејќи дојдовме до тој степен да се разбере и да се разгледа предметот, а не да се донесе закон за некој друг за кого неможам да кажам дека госпоѓа Бонева не го прочитала, бидејќи имаше суштествени забелешки кои во расправата за законот ќе ги нагласам истите, тогаш доколку денес одговори, напротив предлогот на Владата, на нејзината Влада, а не наша, и напротив предлогот на нејзината колешка почитувана госпоѓа Јанкулоска тогаш би било фер пред граѓаните и за да ги штити интересите на вашите гласачи, бидејќи нема амандмани освен тие кои ќе ги разгледаме подоцна, ако не ги повлечеме поради разни причини од ВМРО-Народна, ја повикувам отворено госпоѓа Бонева бидејќи господинот Ѓорчев рече, дека кога ќе се расправа за текстот за сите забелешки кои ги укажа во првата фаза да каже дали се согласува со тие забелешки или веќе не е демократ.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам да работиме до 17,30 часот, како прво, како второ ја наоѓам вашата реплика за потполно депласирана и бидејќи мнозинството го прифаќа амандманот го ставам на гласање.

(Реакција од страна на пратениците од ДУИ).

Ве молам, ако сакате да се гласа амандманот откажете се од вашите зборови, ако не сакате признајте дека ништо не сакате. Ве молам, вие не знаете што сакате, а тоа го сакате задутре.

(Аплауз).

Ја злоупотребувате госпоѓата госпоѓата Роза Топузова-Каревска, односно нејзиниот амандман два часа вчера уште два часа денеска и сега кога мнозинството сака да го изгласа амандманот, вие барате ломача за Силвана Бонева. Дајте да не правиме Јованки Орлеанки, ептен претеравте. Слушајте, ела тропајте.

Министерот за внатрешни работи бара збор.

**Гордана Јанкуловска:** Претседателе, дозволете ми по оваа исцрпна дискусија од која јас можам да дојдам до заклучок дека нема разидувања по однос на прифаќање или неприфаќање на амандманот од страна на сите пратеници.

Во име на задоволување на дискусијата на пратениците да го променам ставот и да го прифатам амандманот на пратеникот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и станува составен дел од законот. (аплауз)

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 3, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каревска. Повелете.

(Галама во салата).

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе, ве молам колеги да се слушнеме.

Со овој амандман сакав повеќе технички да интервенирам со цел да се подобри текстот. Искрено очекував дека ќе биде прифатен од министерот за внатрешни работи.

Имено, се работи за следното: Сега ќе го прочитам ставот од членот 43 каде интервенирам. Вели: “Повиканото лице може присилно да се доведе само со судска наредба и само тогаш кога очигледно одбегнува да се јави на уредно доставена покана во која било предупредено на можноста од присилно доведување и тогаш кога своето недоаѓање нема да го оправда”.

Сметам дека два пати повторување на зборот “само”, само му наштетува на текстот и не е логично ако еднаш се каже “само”, тогаш е само. Има луѓе кои тоа го разбираат, да сватите дека ако уште еднаш и два пати се повтори “само тогаш” и “само тогаш”, веќе не е само. Имав намера единствено ставот 3 да гласи: “Повиканото лице може присилно да се доведе само со судска наредба, кога одбегнува да се јави на уредно доставена покана во која било предупредена на можноста од присилно доведување и кога своето недоаѓање нема да го оправда”.

Но, се немаше разбирање, не се прифати амандманот, не се сакаше текстот да се подобри и да звучи пологично, но бидејќи нема што понатаму да се дебатира по овој амандман, јас го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 1, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и според тоа тој станува дел од предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 46 за бришење на став 5, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата... (пратеникот Рафиз Алити дојде до говорницата и го повлече микрофонот кон себе) не ми упаѓајте во збор.

(Сега зборува пратеникот Алити на микрофонот на претседателот).

**Рафиз Алити:** Не е коректно на пратеничката да не и го давате правото кое и следува по Деловникот на Собранието. Госпоѓата Теута Арифи се има пријавено, таа цело време ти бара процедурално.

(Микрофонот е исклучен).

**Весна Јаневска:** Во корист на државата Република Македонија и сите нејзини македонски граѓани, го повлекувам амандманот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Повелете госпоѓо Теута, три минути процедурално.

**Теута Арифи:** Господине Георгиевски, сакам да ви укажам во име на мојата пратеничка група и да барам од вас да го водите Собранието со почит и ниво како што доликува на едно Собрание. Ве молам, никој во ова Собрание не заслужува ниту некој да се зафркава ниту некој да игра со дигнитетот на една цела пратеничка група. Ние убаво кажавме како ќе гласаме по амандманот. Исто така кажавме дека сме среќни и задоволни кога се рефлектира врз тоа. Но, да одземете право на збор, да интервенирате на начин како што тоа вие го направивте, сакам да ви кажам со сета почит што ја имам кон вас и кон целата ваша интелектуална работа, не е овде театар за да барате и добиете аплауз само поради тоа што евентуално ќе се чуствувате подобро или полошо.

Тука сте според едни многу јасни процедури да водите една расправа во која ние сакаме и исто така сериозно учествуваме.

Ве молам уште еднаш најљубезно, најсериозно и во име на ова пратеничка група да се однесувате сериозно кон сите нас, а најпрво сериозно кон самиот себе. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** (Претседателот кажува поговорка на латински). Исто така важи и за вас, можам уште и на дванаесет јазици да ви преведам дека не можете да доаѓате овде и да ми го виткате микрофонот и притоа да пледирате на цивилизациски моменти.

(Реакција од страна на пратеникот Теута Арифи).

За тоа време беше вашиот координатор овде, немав микрофон да ви дадам процедурално. Како без микрофон?

**Љубиша Георгиевски:** (Претседателот прочита погрешен амандман.).

Не е ништо чудно, се извинувам, во условите во кои работам може да се случи.

Отворам претрес по амандманот на член 46 за менување на став 6, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓата Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 47 за бришење на точка 1, поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓицата Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Мислам дека ќе се случи забуна со овој член, со членот 47, бидејќи пред нас е точка во која е утврдено дека приведувањето без писмена наредба може да се изврши на лице чиј идентитет треба да се утврди.

Мислам дека ќе има корозија ако не го вратиме овој член, ако не се избрише.

Загарантирано е со одредбите од членот 38, 39, 40, 41. Сведоци сме на многубројни атаци врз барање на идентитет на луѓе, почитуван претседателе, почитувани колеги, кои да речеме полицаец во униформа имало или немало потреба бара проверка на идентитетот. Ние знаеме процедурата која се одвива во утринските договори со командирот на полицијата или да речеме со претпоставените знаат по полициските забелешки кој е човекот кому треба да му се провери идентитетот. Меѓутоа, без писмена наредба може да значи едно самоволие од страна на полициските службеници, не сакам да

агитирам така, не сакам да помислам дека е можно, но, што ако се случи некакво сомничаво однесување на одреден човек кој можеби токму на службеното лице му изгледа сомничаво и сега по било која цена да бара.

Мислам дека е пред се од технички карактер првично загарантирано со членот 39, но сметам ако вака остане може да прибегне кон едно друго однесување на овластената полиција и навистина по секоја цена, по барање на одредени луѓе по приватни проценки да бара да го проверува идентитетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Го повлекувате амандманот или завршувате со дискусија?

**Валентина Божиновска:** Заврших со дискусијата.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално за господинот Аднан Јашари. Повелете три минути.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам.

Во членот 64 став 4 пишува вака господине Георгиевски "седниците на Собранието се одржуваат во време траење од 10,00 до 17,00 часот евентуално ако не се одлучи поинаку". Ние почнавме 10,00 часот, сега е веќе 17,10 часот, не сме одлучиле поинаку, не е донесена одлука за продолжување на седницата. Затоа ќе ве молам овде да се прекине со седницата за денес и природно да се определи одржување на седницата за друг ден. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално господинот Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседателе, вистина е дека сега е ифтар, барам два часа пауза, но би предложил од 19,00 часот да продолжиме со работа до 21,00 часот. Благодарам.

(Реакција од страна на пратениците).

**Љубиша Георгиевски:** Момент, момент, момент, седете сите спокојно, јас не се изјаснив. Седете спокојно, сега јас барам три минути процедурално. Седете спокојно.

Барам да се договориме, имаме уште пет-шест минути, јас веќе предложив да работиме до 17,30 часот, вие господине Матоши не бевте тука, барав за едно нешто стриктно да се договориме.

Верските проблеми се исклучиво чувствителни проблеми. Не би требало да оставиме ниту милиметар простор некој да манипулира или од еднат страна или од другата. Парламентот е две страни секогаш со верските проблеми.

Затоа барам една пратка експликација од припадниците, но многу кратка експертска експликација за да не згрешам, да ми помогнете да не згрешам. Барам една експликација да видиме сега како. Јас сум живеел во исламски краишта, во Босна и Херцеговина. Ова е се што го знам. Знам едно, не се возбудувајте, за да не ми одговарате она што го знам. Знам едно дека Рамазанот е најголем празник, дека трае 40 дена, дека има пост преку денот и дека кога ќе паден вечер се палат едни осветленија во џамијата и се повикуваат верниците на ифтар, што во својата суштина значи да можат нешто да каснат и да бидат со своите фамилии.

Ако нешто пропуштив сега е момент да ме дополните. Ако сум во право тогаш сега јас имам проблем со законските процедури. Законите во оваа држава за работа налагаат во државни и верски празници кои се таксативно набројани, да не се работи сега. Наше е, бидејќи е ова некарактеристичен верски празник може да се работи преку ден, но навечер се налага она што се вели ифтар, се извинувам не знам што е во превод, веројатно е арапски збор.

Барам од некој пратеник кој се разбира во таа материја да најдеме еден, извинете за овој збор да нејадеме еден компромис, да видиме како да го помириме тоа со нашите потреби да работиме. Дали може на некој начин тоа да се помири, а да не бидат навредени верските чувства на припадниците на муслиманите.

Завршувам, имам уште 21 секунда, по оваа тема како што знаете не ни е речено на почетокот на рамазанските празници, но сега се осмелив да го ставам вака процедурално пред да си одиме затоа што еден припадник од муслиманска религија побара да продолжиме со работа. Затоа се осмелив. Ако тоа не беше немаше да го ставам на дневен ред.

Дајте сега сите да размислиме не да отвораме дебата, да нејдеме еден компромис ем да можеме да работиме, на пример еден компромис е да почнуваме во 9.00 часот, а во 17,00 часот, не знам сега импровизирам, дајте да помислиме за тоа како и да го направиме на една координација. Во случај координација...

(Реакција од пратениците)

Лесно е тоа, но ќе немаме кворум за работа.

Ве молам, по овие прашања. Многу е умно, политички умно и цивилизирано да избегнеме прегласување. По овие прашања сигурно можеме да се договориме.

Дали има некој предлог?

Повелете Кенан.

Ајде Кенан да направиме еден мунасип.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Прво, сакам да напоменам дека не е наша вина што законот за полиција се расправа во време на рамазанскиот пост. Тој случај се совпадна. Јас ја разбирам потребата законот да се донесе што поскоро, меѓутоа, ќе се обидам да ви објаснам што е значењето на рамазанскиот пост. Поимот ифтар што господинот претседател го спомнува во превод значи јадење. Меѓутоа, со тоа не завршува рамазанскиот пост. Продолжува со верски обреди наречени теравија која трае негде околу саат ипол.

Втора карактеристика на рамазанските пости што е добро во фамилијарна атвосфера да се јаде и после тоа да се вршат верските обреди. Јас не тврдам дека овде сите припадници на муслиманската, исламската вероисповест ги

практикуваат овие обреди, меѓутоа има луѓе кои ги практикуваат и не смееме да им го ускратиме тоа право.

Спема тоа јас би ве замолил да покажеме едно чуство на почит спрема овој Рамазан како еден од битните празници. Истото ќе важи за сите празници од православната вероисповест, а веројатно доколку има овде и припадници и од други вероисповести ќе ја покажеме таа почит.

Спрема тоа ние би прифатиле да почнеме и порано со расправа. Меѓутоа, воопшто не би било дозволено повредуваајќи ги верските чуства на вистинските верници, оти има луѓе кои што не ги практикуваат сите овие обреди, да не се продолжи со понатамошна работа.

Втора работа господине претседателе, сакам да ве потсетам дека вие имавте можност, барем согласно Деловникот, некаде пред 17,00 часот да предложите до кога, но вие рековте ќе работиме до 17,30 часот без да побарате согласност од Собранието.

Веројатно тоа не беше намерно, се направи еден мал пропуст што ние го уважуваме, меѓутоа, јас ќе ве молам по оваа тема понатаму да не расправаме и по вакви предлози да не гласаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ќе размислам за предлогот на господинот Хасипи.

Сега ја прекинувам седницата и ве повикувам утре во 10,00 часот да продолжиме.

Благодарам.

(Пратениците почнуваат да ја напуштаа салата, а пратеникот Славица Грковска интервенира бидејќи не добила збор, а барала збор процедурално).

Грковска и Бонева имаат процедурално.

Повелете.

**Славица Грковска:** Господине претседателе, пратеничката група на СДСМ до Вас упати барање со кое што ве замолува на утрешниот ден да не се одржи седницата на Собранието заради партиски обврски. Такви барања било пракса и во претходните мандати да бидат уважувани, без разлика од која пратеничка група доаѓаат.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе работиме, без разлика.

**Славица Грковска:** Со оглед на тоа што Вие очигледно не го уваживте нашето барање, јас сакам да ја информирам македонската јавност дека пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз заради тоа нема да присуствува на утрешната седница на Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на информацијата.

Процедурално има Бонева.

**Силвана Бонева:** Господине претседателе,

Ве молам во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и на коалицијата да го ставите предлогот на господинот Матоши на изјаснување. Беше искажана потчитта кон празникот и потребата на Собранието да расправа за законот за полиција и заради тоа Ве молам да се стави предлогот на гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Го ставам предлогот на гласање.

Ве молам да гласаме.

(Реакција од страна на пратениците дека седницата е прекината)

Ја отворивме, имаше претходно две процедурални најави.

(Реакција од страна на пратениците дека нема кворум, бидејќи некои пратеници беа на излегување, а некои на своите места)

**Александар Николоски:** Во моментот на гласањето имаше кворум.

**Љубиша Георгиевски:** Во салата беа присутни 101 пратеник, ...

(Негодување од страна на пратениците)

75 пратеници во салата, 51 гласале за, воздржани нема, против нема.

Го заклучувам денешниот дел од седницата.

Ве повикувам утре во 10,00 часот да ја продолжиме седницата.

(Бурни реакции со дофрлања)

Пауза од 15 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 18,03 часот)

Ве молам, пратениците да ги заземат своите места.

Објавувам дека продолжението на седницата ќе започне утре во 11,00 часот.

Ве молам службите да објават на сите кои не се во моментов во салата.

(Седницата прекина со работа во 18,03 часот)